СЕДУМДЕСЕТ И ПЕТ УМЕТНИЦИ ПРАШУВААТ:

# ЗОШТО СЕ ЗАТВОРА ГАЛЕРИЈАТА ВО МКЦ?

● *ОВАА ГАЛЕРИЈА ЗАСЛУЖИ ДА ЈА ИМАМЕ КАКО ДЕЛ ОД ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ И ЗОШТО И ОД КОИ ИНТЕРЕСИ Е ТРГНАТА ПРИ ОДЛУКАТА ТАА ДА СЕ ЗАТВОРИ – ВЕЛАТ ВО СВОЈАТА РЕАКЦИЈА ПОТПИШАНИТЕ АВТОРИ*

Нашето обраќање е во врска со информацијата што ја добивме за затворањето на галерискиот простор во Младинскиот културен центар.

Да потсетиме, Галеријата при МКЦ (тогашниот Дом на млади), функционираше 27 години како единствен простор во кој младите ликовни уметници за првпат можеа да ѝ се претстават на публиката, место каде својата кариера ја започнаа огромен број денес етаблирани уметници, од Анета Светиева до Милчо Манчевски. Поголемиот број на долупотпишаните уметници исто така изложуваа во овој простор, што секако, имаше големо позитивно влијание во развојот на нивната кариера како ликовни уметници.

Со тоа, оваа галерија сосема заслужи да ја имаме како дел од историјата на македонската ликовна уметност!

Во просторот во МКЦ денес од околу 5000 метри квадратни, од кои поголемиот дел е даден на изнајмување на приватни фирми (само „Хард Рок“ е околу 1.000 метри квадратни), за културните потреби на младите се оставени, покрај канцелариите на вработените, само уште кино/театар, салата и концертната сала.

По кој критериум овој град има поголема потреба од театарски, музички и балетски простори за младите автори, за разлика од оние за ликовна уметност? Прашуваме дали, зошто и од кои интереси е тргнато при одлуката галерискиот простор (од само околу 160 метри квадратни) да се издаде на балетска група? Како што се слуша, за потребите на балетската група „Ребис“ ова е само привремено решение, а со Галеријата се имаат некои други планови: планови за комерцијализација и на овој простор во МКЦ за не-ликовни (дури ни уметнички) потреби...

Дали не треба да се запрашаме за иднината на македонската ликовна продукција, кога секојдневно исчезнуваат просториите достапни за изложби? Во некои поцивилизирани држави во тек е обратниот процес...

Следуваат потписи на 75 уметници.